БРОЈ 1

ДЕКЕМВРИ 2022

# МЕДиУМ

УЧИЛИШНО СПИСАНИЕ НА
ООУ „ЈОХАН ХАЈНРИХ ПЕСТАЛОЦИ“ - СКОПЈЕ



Од уредникот

# Поздравен збор

*Единствениот начин да се стигне до целта е – да се направи првиот чекор. Колку и да изгледа долга патеката, колку и да се чини невозможно, само треба да се верува и да се направи првиот чекор.*



*Драги ученици, родители, почитувани читатели,*

*Пред вас е првиот број на училишното списание „Медиум“ на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ од Скопје. Идејата за издавање училишно списание долго време пушташе корени; израсна во цврсто стебло, убаво и густо разгрането. Потоа разлиста и раскошно расцуте. Нашите вредни пчелки, нашите млади УМОВИ, од цветовите направија највкусен МЕД, кој сега го споделуваат со сите нас, да го вкусиме и да уживаме во него. Медните умови ни го направија „Медиум“ за да ја информираат целата читателска публика што работат, колку убаво творат, за да бидат слушнати, видени, за да го искажат своето мислење. Нивните наставници се нивните пчели матици. Секогаш до нив, секако за нив, да ги насочуваат, да ги охрабруваат, да им бидат пример и водилка низ образовниот процес и низ животот. Со гордост можеме да кажеме дека ова списание е резултат на нивниот заеднички труд.*

*Охрабрени и инспирирани, тие веќе размислуваат и ги планираат содржините за вториот број за кој најавуваме нови рубрики и интересни содржини.*

*Нека биде „Медиум“ огледало на „Песталоци“, а сите ние ќе го претвориме во прозорец кон светот, кон иднината.*

*Со почит,*
*Катерина Атанасова,*
главен и одговорен уредник на „Медиум“
и директор на
ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“

**Главен и одговорен уредник:** Катерина Атанасова
**Уредник:** Верица Неделкоска
**Графички уредник:** Ирина Иванова

***Скопје, 2022***

# Содржина


1 Историјат на училиштето 1-2

2 Интервју со градоначалникот 3-6

3 World Scolar's Cup 7-8

4 Настани 9-22

5 Библиотека 23-26

6 Репортажа 27-30

7 Сензорна соба 31-32

8 Ученици новинари 33-34

9 Совети од педагог/психолог 35-36

10 Занимливости 37-38

11 Убави зборови 39-43

12 Време е за забава 44






Историјат на училиштето

# ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“

**Година на проектирање:** 1964

**Година на изведба:** 1966-1969

**Локација:** ул. „Апостол Гусларот“ бр.3, Општина Центар – Скопје

***Донација:*** *Швајцарската влада*

**Автор:** проф. Алфред Рот BSA/SIA, Цирих

**Инженери:** C. Hubacher, Dr. E. Staudacher, H. Siegenthaler SIA, Цирих

**Фирма и изведба:** Г.П. „Бетон“, Скопје

**Фотографии:** К. Билбиловски, Скопје; Peter Grünert, Цирих






# ИСТОРИЈАТ НА УЧИЛИШТЕТО

Градот Скопје на 26 јули 1963 година доживува катастрофален земјотрес со околу 2000 мртви и целосно разурнато централно градско подрачје. Швајцарија одлучува да собере средства, кои ќе ги искористи за изградба на училиштен објект. Изработката на проектот за училиштето му била доделена на архитектот Алфред Рот, професор на Техничкиот факултет во Цирих.

На 12 јануари 1969 година, на роденденот на швајцарскиот педагог Јохан Хајнрих Песталоци, училиштето е свечено пуштено во употреба и ги отвора вратите за првите ученици.

Оттогаш, во непрекинат период од безмалку 54 години училиштето функционира без поголеми интервенции и со непроменета функција како основно училиште.

***„Кога некој објект е создаден во време или место на некој значаен настан во историјата на еден народ, тој станува споменик на тој настан и на тоа време".***

„Архитектонското дело на професор Алфред Рот, коешто го носи името на големиот швајцарски педагог Јохан Хајнрих Песталоци, ја потврдува својата улога да биде не само основно училиште, туку и пример за асеизмичко градење, пример на значајни архитектонски решенија за современи училишни објекти, но и објект каде што можат да се одвиваат значајни образовни, воспитни, културни и други општествени настани. (според монографија „Песталоци" - Кочо В. Костов)



***Извори:***
*Магистерски труд / Утврдување на методи и постапки за заштита на објекти од периодот на модерната во Р. Македонија преку примерот на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци" – Ана Ивановска;*
*Монографија „Песталоци" – Кочо В. Костов*
*https://marh.mk/pestaloci-alfred-rot/*

# И јас учев во „Песталоци“

Во ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ го завршиле своето основно образование многумина јавни личности – познати актери, музичари, врвни спортисти, лекари, професори, научни работници, ликовни уметници,... Учениците новинари од нашето училиште подготвуваат серијал интервјуа со дел од нив, со цел да ги поврзат минатото и сегашноста и да испратат убави пораки во иднината.

Нашиот прв соговорник беше сегашниот градоначалник на Општина Центар, а поранешен ученик во ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“, г. Горан Герасимовски.

**1. Г. Герасимовски, ќе сакате ли да ни откриете во кој период бевте ученик во ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“? Кои беа вашите наставници од прво до четврто одделение, а кој ви беше класен раководител подоцна?**

-Основното образование ми буди посебни спомени. Во „Песталоци“ ги стекнав најцврстите пријателства. Дел од другарите од основно се мои најдобри пријатели и сега, по 30 години. Инаку, бев претпоследната генерација Титови пионери и тоа беше посебно искуство, посебно чувство. Во прво одделение се запишав во 1988 и основното образование го завршив во 1996 година. Мојата наставничка се викаше Вера Наумова. Таа е една исклучителна наставничка, која навистина вложуваше напори и преку дополнителни задачи и наставни ливчиња да ни го пренесе сето знаење согласно возраста. Подоцна, од 5 одделение моите одделенски раководители беа Димче и Софка. Искрено им се заблагодарувам за сето знаење што ни го пренесоа, но не само образовно, туку и културолошки и воспитно. Тие вредности и денес ги носиме сите ние.



**2. Како изгледаше вашата училница? Со кого седевте во иста клупа и дали и денеска се дружите со другарите од основното училиште?**

-Спомените за моето училиште се секогаш убави, спокојни, безгрижни. Тоа чувство го доживувам секогаш кога ќе дојдам во „Песталоци“. Шарени ѕидови, бројки и букви, позитивни и насмеани деца, посветени наставници. Другарите од основно сè уште се тука – Душко, Томи, Иве, Тео, Давор, Шеле, Киндер и многу други. И да, како што веќе споменав, се дружиме и поминуваме време заедно кога ќе ги усогласиме обврските.

Поради работните обврски, периодов јас малку ескивирам и ми забележуваат, ама ќе надополнам. Средбите со нив ми се полнење на батериите, многу драги мигови и многу смеа. Слободно можам да кажам дека позитивната енергија од нашите средби ме држи и по неколку дена.



**3. Кој предмет Ви беше омилен (можеби имавте повеќе омилени предмети) и зошто? Кој предмет, пак, не Ви беше меѓу најомилените?**

-Бидејќи мојата мајка беше наставничка по Географија, тој предмет ми беше еден од омилените. Ама навистина ми беше интересен, и покрај тоа што морав да учам и да го оправдам знаењето поради мојата мајка и наставничка. А омилен предмет ми беше, се разбира, Физичко. Не бараше учење, туку игра и понекогаш натпреварувачки дух. Големо влијание за тоа, секако, имаше наставникот по Физичко воспитување, Симо.

**4. Се сеќавате ли на некоја ученичка екскурзија и по што ја паметите?**

-Сите екскурзии се паметат – во Охрид, на Пелистер... Секоја екскурзија ја доживував на различен начин и на секоја имаше интересна случка што ќе ја паметам засекогаш.

**5. Додека бевте ученик, каква професија сакавте да имате кога ќе пораснете? Дали ви се оствари таа желба и што станавте по професија?**

-Се сеќавам дека прво сакав да бидам полицаец, да делам правда и да ги фаќам крадците. Всушност, мислам дека сите порано сакавме да бидеме полицајци, барем во моето опкружување. А потоа - пилот. Ми беше многу интересно и мистерија како пилотите ги возат, односно летаат, авионите. Се одушевував на нивната умешност и имав силна желба да научам да летам авион и да си патувам каде што ќе посакам. Ама подоцна дознав дека не било баш така. (се смее)



**6. Како изгледа Вашиот работен ден?**

-Денот ми почнува со носење на децата во училиште, во зависност од договорот со сопругата, а потоа работно, според дневните активности. Имам многу средби и, секако, настани на терен. Посветен сум на проектите и сакам да бидам во тек со сè што се случува. Со мојот тим работиме на нови проекти за да го подобриме и олесниме живеењето во Центар. Најголем проблем ни е паркирањето за резидентните жители и за оние кои се на поминување во општината, па ги зафаќаат местата на центарските станари. Но, работиме во таа насока да најдеме начини и да направиме нови паркинзи, кои ќе ги зголемат капацитетите за паркирање.

**7. Како би можеле учениците од нашето училиште да се вклучат во некои активности и проекти на Општина Центар, да волонтираат за помош на стари лица и лица со социјален ризик или да учествуваат во активности за разубавување на околината?**

-Дечињата од четврто одделение беа во посета на нашата Општина и, морам да бидам искрен, имаат многу интересни прашања и предлози. Нашите ученици веќе се вклучени во неколку активности. Беа дел од еднонеделната програма во повод Детската недела и, на наше изненадување и навистина големо задоволство, приредија неверојатна програма која вклучуваше детски претстави, модерни танци и детска борбеност во спортските активности. Покрај тоа, децата неколку пати досега испратиле пораки за возење велосипеди и зачувување на животната средина и биле дел од активностите за раззеленување и садење цветни садници во училиштата; биле организатори на многу базари и слично. Ние сме им благодарни за нивната ангажираност и посветеност во организирањето различни акции кои се за општо добро.

**8. Кој бил најголемиот предизвик со кој сте се соочиле досега како градоначалник?**

-Во Општината имаме многу предизвици, особено со задржувањето на хуманиот урбанизам и подигнувањето на јавната свест кај граѓаните. Мора да работиме заедно на сите полиња во општественото живеење, да ги почитуваме законите, да ја одржуваме хигиената, затоа што јавната хигиена зависи од сите нас, а не само од ангажираните хигиеничари. Се надевам дека ќе станеме свесни за ова и заедно ќе го подигнеме нивото на култура што ни оди во прилог на сите нас.

**9. Како и каде го поминувате слободното време?**

-Секој слободен момент го поминувам со семејството, независно дали е тоа на планина, прошетка или на пошироки семејни средби. Гледам да одвојам време и за пријателите и другарите затоа што тоа е суштината на животот. Ние сме социјално општество и сакаме да се дружиме. Така и јас, посветен сум на семејството, но ги одржувам и пријателствата.






**10. Дали спортувате, имате ли спортски клуб за којшто навивате и секако – за кого навивате на Светското првенство во фудбал 2022?**

-Верувам, како и секој центарец, и јас сум страстен навивач на КК Работнички. Моите двајца синови навиваат за ПСЖ, па затоа на Светското првенство навиваме за Франција. Сепак, јас навивам и за хрватската репрезентација. Поради ова, дома ни е многу весело, особено овој период, кога се одржува Светското. Спортот е особено важен за детскиот развој, за зголемување на концентрацијата и за формирање здрави навики.

**11. Би сакале ли да упатите некоја порака до учениците на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“?**

-Основното образование и стекнатите знаења и воспитно-образовни навики во првите одделенија се најважни. Затоа, упатувам порака до учениците – да ги слушаат наставниците, да бидат дисциплинирани и редовно да ги совладуваат наставните содржини. Ова е значаен период за нив затоа што ги градат и првите години од долгогодишните другарства. Затоа им препорачувам да уживаат во детството и во сите убавини што ги носат овие години, но истовремено да останат фокусирани на наставата и на образовните содржини.

**12. Што сакам најмногу? (Омилено)**

**Јадење:** Тестенини, риба
**Последна прочитана книга:** „Калуѓерот што го продаде своето ферари“ од Робин Шарма
**Песна:** Израснав со песните на „Студени нозе“ и „Нокаут“
**Спортски клуб:** КК Работнички (кошарка), ПСЖ (фудбал)

# Светски натпревар во дебатирање - World Scolar`s Cup



Инспирирани од минатогодишниот успех на натпреварот во дебатирање и општи знаења „World Scholar's Cup", оваа година поголем број ученици зедоа учество на ова натпреварување.

World Scholar's Cup е меѓународен настан на кој би сакал да учествува секој ученик. На прв поглед, можеби, изгледа како натпревар, но ова е повеќе од тоа. „World Scholar's Cup" е, всушност, прослава на учењето. На едно место се собрани сериозни глобални прашања од различни предмети, преку кои се развива логичко и критичко размислување базирано врз дискусии, колаборативно пишување и дебати во тимови. Токму работата во тимови е најубавиот, но и најтешкиот предизвик во кој учениците активно се вклучуваат бидејќи знаат дека некој друг зависи од нас. „World Scholar's Cup" ги учи учениците, како прво, да ја најдат забавата во учењето, пред да се вљубат во него.

Глобалната рунда се одржа во септември, во прекрасната Прага, каде што блеснаа ѕвездите во дебатирање на „Песталоци": Петар Калкашлиев и Марко Иванов од VII-1, Максим Танески од VII-2, Срна Поповска, Дамјан Стојановски, Лина Јанеку и Ана Коцева од IX-2 одделение. Оттаму се вратија со многу златни и сребрени медали. Сите учесници се пласираа на Турнирот на шампиони, кој се одржа во ноември, на Универзитетот „Јеил" во САД.



# „Песталоци" на „Јеил"



„Турнирот на шампиони" (Tournament of Champions) е голем настан. На овој турнир, кој е завршница од натпреварувањето, можност да учествуваат имаат само оние кои се квалификувале за учество преку резултатите постигнати на глобалните рунди.

Од 11 до 16 ноември универзитетот „Јеил" во Њу Хевен, САД, беше домаќин на шампионскиот турнир во World scholar's cup. Нашите ученици Сара Кнежевиќ, Лука Вајевиќ и Виктор Јакимов пристигнаа во Њујорк во придружба на директорката на училиштето, г-ѓа Катерина Атанасова. Меѓу останатите активности, ја посетија Постојаната мисија на Република Северна Македонија во Обединетите Нации и оствариja средба со амбасадорот, г. Љубомир Фрчкоски, кој срдечно ги пречека и ги прошета во седиштето на Обединетите Нации.



Битката во дебатирање беше долга и вредна за паметење, а во неа си ги вкрстија зборовите 1600 ученици од 45 земји од светот. Нашите ученици достојно ги бранеа своите аргументи и ставови и се покажаа како одлични стратези во дебатирање. Нивните вештини беа наградени со 18 медали - 13 златни и 5 сребрени, а како резултат на нив го освоија петтото место на ниво на Европа и Медитеранот.



Се гордееме со успесите на сите наши ученици и продолжуваме да ги поттикнуваме и поддржуваме во сите нивни чекори кон промоција на знаењето, учењето, дружбата и тимската работа.

# Ден на учителот - 5 Октомври

5 Октомври, Светскиот ден на учителот, беше посебен ден во нашето училиште. Првпат по подолго време се собраа сегашните и пензионираните наставници, нашата директорка и стручните соработници - овојпат како гости на манифестацијата што за нив ја приредија нивните ученици.

Семето што го посеале пензионираните наставници веќе пораснало, ги раширило гранките и раѓа богати плодови. Нови никулци растат во нашата градина, посегаат кон височините и пуштаат корења во плодната почва.

На 5 октомври во свечената сала на училиштето го видовме и почувствувавме сиот раскош на градината. Ноти кои ја исполнија салата со магија, стихови што ни ги погалија срцата, форми и бои кои исцртаа ЉУБОВ.

Во повод празникот беа распишани литературен и ликовен конкурс за учениците од нашето училиште. На конкурсот пристигнаа голем број творби, а комисијата што ги оценуваше имаше навистина тешка задача да ги одбере најдобрите.



**Литературен конкурс:**

Прва категорија – IV, V и VI одделение

Давид Блажевски VI-3 – прва награда
Михаела Тасевска VI-2 – втора награда
Јана Ефремова IV-1 – трета награда

Втора категорија – VII, VIII и IX одделение

Ана Манчева VIII-2 – гран при
Максим Танески VII-2 – прва награда
Марта Неделковска VIII-2 – втора награда
Калина Тодоровска VIII-1 – трета награда









**Ликовен конкурс:**
Прва категорија – I, II и III одделение

Урош Јелиќ III-2 – гран при
Инес Мургоска I-4 – прва награда
Меглена Јосифоска III-2 – прва награда
Софија Андреевска од III-3 – трета награда
Срна Манчева од III-2 – трета награда

Втора категорија – IV и V одделение

Нина Нонкулоска IV-3 – гран при
Софија Младеновска V-1 – прва награда
Марија Ќупев V-2 – прва награда
Матеа Шетловски IV-1 – втора награда
Матеја Апостоловска IV-2 – втора награда
Милица Петрушева од V-3 – трета награда












# Поетски фестивал „Жуборења од Радика“



***„Стихови се слушаат од Галичник до Река,***
***поезијата многу среќни луѓе збра.***
***Од грлата се лее мелодија мека,***
***жуборот на Радика, ко најтопол бран“.***

На 15 октомври стотици пријатели на поезијата, на реканската традиција и на овој живописен крај го посетија поетскиот фестивал „Рекански порои“. Спортската сала „Македонија“ близу Ростуше беше како кошница со пчели. Млади поети од целата држава оттаму ги испратија своите пораки, а Радика ги рашири насекаде со своите жуборења.

Токму по нив е именувана и стихозбирката во која се објавени сите творби испратени на литературниот конкурс што беше распишан од страна на здружението „Рекански порои“. Во стихозбирката се наоѓаат 10 творби на ученици од нашето училиште, а од Ростуше се вративме со многу награди:

Максим Костадинов од 9-3 - ГРАН ПРИ
Максим Таневски од 7-2 - ГРАН ПРИ
Марта Неделковска од 8-2 - прво место
Лео Коневски од 7-2 - прво место
Дамјан Димовски 9-3 - прво место
Искра Христовска 7-3 - второ место
Сара Јовановска 7-3 - второ место
Ангела Ристеска 8-1 - второ место
Јана Стојмиловска 8-1 - второ место
Дарија Смилева 8-1 - второ место



Им честитаме на нашите ученици за освоените признанија и посакуваме творечката енергија да расте како порој и да жубори како Радика.


UNIVERSITY
SPORTS






Збирка со детски творби
ЖУБОРЕЊА ОД РАДИКА 2022



## Донација на компјутери од Шпаркасе лизинг ДОО Скопје

Колку нули и единици би употребил компјутерот за да каже „Благодарам"?

Со новата опрема во училишниот кабинет по информатика нашите ученици полесно ќе дојдат до одговорот на ова прашање и ќе навлезат во тајните на информатичката технологија.

Огромна благодарност изразена во мега, гига, терабајти, им изразуваме на Шпаркасе лизинг ДОО Скопје и извршниот директор Марјан Манчев, кои донираа компјутери.

Водејќи се од мотото „Секое дете е посебен цвет. А сите заедно прават светот да биде прекрасна цветна градина", тие и минатата година донираа преносни компјутери за нашето училиште.

Со вакви пријатели, светот навистина може да биде цветна градина.



## Соработка со Архитектонскиот факултет



„Песталоци" не е само училиште. „Песталоци" е втор дом и место за дружба и рекреација на многумина. Група поранешни ученици, родители и ентузијасти пред неколку години почнаа да организираат активности со цел да го разубават и да го направат попристапен училишниот двор. Целта на ваквите активности е секој, во рамките на своите знаења, можности и афинитети, да придонесе кон развивање пријателска и функционална урбана средина. Водени од мотото „Не што може да направи училиштето за мене, туку што јас можам да направам за него", студентите од IV и од VI семестар на Архитектонскиот факултет при универзитетот „Св Кирил и Методиј" заедно со проф. д-р Дивна Пенчиќ, веќе ги почнаа активностите во рамки на предметот Одржлив урбан развој. Во нашето училиште никнаа неколку креативни решенија, кои му вдахнаа нов дух и свежина на просторот. Нивните активности продолжуваат, а ние со радост ќе ги споделуваме резултатите што ќе произлезат од оваа соработка.

## Посета на Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија

Учениците од нашето училиште заедно со наставничката Бранка Димевска Коцева и наставникот Александар Чавкароски ја разгледаа постојаната поставка и научија повеќе за животот на Евреите, нивното културно материјално и нематеријално наследство и слушнаа историски факти за депортацијата на македонските Евреи. Под менторство на своите наставници и тимот од Меморијалниот центар создадоа свои уметнички творби во рамки на работилницата „Истражуваме, создаваме и културното наследство го чуваме“.




## Млади новинари

На часот по македонски јазик на кој се обработуваше наставната единица Новинарска статија, нашите деветтоодделенци поставија навистина добри прашања обидувајќи се да дознаат сè што ги интересира за новинарската професија. Одговорите ги добија од г-ѓа Анита Буховски, новинарка во порталот „Фактор“, која непосредно, во прво лице, им ги откри убавините на оваа професија. Во улога на наставник-предавач, таа им ги објасни новинарските жанрови, разликата меѓу вест и новинарска статија, им ги посочи чекорите во пишувањето статија, како да препознаеме лажни вести и сл.

Според интересот со кој учениците го следеа предавањето и според нивните прашања и коментари, на крајот заеднички заклучивме дека на овие клупи можеби седи идниот Пулицер.



## Соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“

По повод Неделата на детето учениците од трето одделение заедно со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ организираа креативни активности за изработка на сензорни материјали.



## Одбележување на Детската недела

Децата и учениците од општината Центар се вклучија во одбележувањето на Детската недела во Паркот на Франкофонијата, претставувајќи се со спортски активности, жонглерски вештини, музички настапи и актерска игра. Нашите ученици учествуваа во спортските игри. Покажувајќи голема тимска сплотеност, спортски дух и натпреварувачки карактер, стигнаа до финалето каде што борбата беше рамноправна, а победата неизвесна до самиот крај.



Ученичката Мила Стојчевска од VI-3 одделение на сцената изведе монолог од драмската претстава „За нашиот Горан“, посветена на Горан Стефановски. Во публиката беа и нејзините соученици, кои ја поддржуваа и навиваа за неа.

Се надеваме дека ќе има уште многу пригоди каде што нашите ученици ќе можат да ги покажат своите таленти. Ние сме овде да ги поддржуваме, заеднички да ги развиваме и да ги промовираме.

## Денови на медиумска писменост 2022



Преку магијата на филмот и прекрасното колективно кино-искуство со нашите ученици, разговаравме на значајни теми и ја подигнавме свеста за моќта на новите дигитални технологии. Настанот се случи во Кинотека на Македонија во рамките на Денови на медиумска писменост 2022 г.

По завршувањето на филмот учениците имаа можност да разговараат со психологот на нашето училиште, Елена Петровска, на темата: Технологии и видеоигри.

## Посета на Археолошкиот музеј

Археологијата е во постојана потрага по одговорите на прашањата: кои сме и од каде потекнуваме. И ние сакавме да истражиме и да ги прошириме своите видици и сознанија во таа насока. Со таква цел учениците од шесто одделение го посетија Археолошкиот музеј.

Обиколката и разгледувањето на поставките од различни историски периоди им овозможија да дознаат повеќе информации за палеолитот, неолитот, византискиот, османлискиот период; ја проучија богатата нумизматичка збирка, го видоа Александровиот саркофаг, разгледаа артефакти, садови, облека, накит од различни временски периоди.

Навистина е полесно да се разбере сегашноста кога го познаваме минатото.



## Посета на Градоначалникот на Општина Центар

На 25.11. учениците од четврто одделение, заедно со своите наставнички, го посетија градоначалникот на Општина Центар, г. Горан Герасимовски. Едукативната посета беше во рамки на наставата по предметот Историја и општество. Градоначалникот и вработените во Општината срдечно ги пречекаа учениците и им ги објаснија работата, начинот на функционирање и улогата на Градоначалникот и на општината. Детската љубопитност поттикна бројни прашања, кои беа искрено и опширно одговорени од домаќините.







# Посета на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" - Скопје



На 1.12.2022 г. учениците од ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци", заедно со својата наставничка по македонски јазик, Ана Георгиева, ја посетија спомен-собата на Крсте Петков Мисирков во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" - Скопје.

Благодарение на професорката Лидија Тантуровска и нејзините соработници, имаа можност во живо да ги проследат сите поважни факсимили на оригиналните документи потпишани од Мисирков и да научат за неговата голема визионерска дејност. Неговото дело „За македонцките работи", книга составена од предговор и пет статии, претставува најзначаен документ за усилбите и намерите на Мисирков за македонска самобитност, национално и културно издигнување на македонскиот народ и развивање свест за потребата од свој литературен јазик, правопис и свое писмо. Понесени од желбата одблизу да се запознаат со сите поважни настани од животот и делото на Мисирков, учениците поставија многу интересни прашања.

Споменот за овој голем македонски деец и прв реформатор на македонскиот јазик ќе остане да живее и да се пренесува од генерации на генерации.



## Книжевна манифестација „Есен во Гази Баба“

На 2.12.2022 г. се одржа книжевната манифестација „Есен во Гази Баба“. Домаќин беше ООУ „Григор Прличев“ од Скопје. Меѓу присутните гости беа писателот за деца и младинци, Горјан Петревски, проф. д-р Мито Спасовски, доктор по филолошки науки и др.



Во рамки на манифестацијата беше распишан литературен конкурс на тема „Есеј во есен“. Од вкупно 129 есеи што биле испратени на конкурсот, 29 беа наградени како најдобри. Меѓу наградените беа и ученичките од нашето училиште:

Луиза Г. Чашуле - IX-1 одд.
Јана Андреевска - IX-1 одд.
Марта Неделковска - VIII-2 одд.




Останува желбата на младите генерации во иднина повторно да се дружат на вакви манифестации, да го негуваат мајчиниот јазик и да се натпреваруваат во мајсторството на пишаниот збор.

## Промоција на „Тркалаланица“

На 3 декември се одржа промоција на „Тркалаланица“, првата сликовница од едицијата „Светулка“ 2.

Нашиот ученик Марко Трипуноски од II-2 одделение имаше важна улога - ги читаше, односно ги интерпретираше убавите песни за деца, притоа доближувајќи ѝ го на публиката светот на „Тркалаланица“.

Љубовта кон убавиот збор се негува уште од најмали нозе.



## Литературен конкурс на тема „Волшебниот свет на книгата“

Во волшебниот свет на книгите сите соништа се остваруваат. Не постојат граници, не постојат пречки што не можат да се преминат.

На оваа тема твореа учениците на литературниот конкурс распишан од Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје, по повод празникот 8 Декември - Свети Климент Охридски.




Нашите ученици креативно ја насочија својата енергија и ѝ се препуштија на својата фантазија. Нивните поетски и прозни творби беа пофалени и наградени од комисијата што ги оценуваше, а за најдобри беа прогласени:

Ана Манчева 8-2 (I награда, проза)
Марта Неделковска 8-2 (II награда, поезија)
Калина Тодоровска 8-1 (II награда, поезија)
Каја Коцевска (7-1, III награда, проза)
Сара Танеска (9-2, III награда, проза)
Марко Стојкоски (7-4, III награда, поезија)



## „Здрава ужинка за секое дете“

Хранливите вредности на овошјето и зеленчукот се во основата на проектот „Здрава ужинка за секое дете“ што го спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Програмата за откуп на свежо овошје, зеленчук, млеко и млечни производи. Во рамки на овој проект, МЗШВ им додели по четири килограми јаболка на сите ученици во основните училишта во државата.

На 5.12. имавме особена чест да ги пречекаме премиерот, г. Димитар Ковачевски, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г. Љупчо Николовски, директорот на АФПЗРР, г. Никица Бачовски, како и градоначалникот на општина Центар, г. Горан Герасимовски, кои им поделија јаболка на учениците од II-2 одделение. Наставната содржина во второ одделение ги обработуваше 3Д-формите. Заедно со гостите, низ игра и едукација, учениците ја усвоија наставната единица, а на крајот заеднички заклучија дека јаболкото е највкусната и најздравата 3Д-форма.









## Посета на Факултетот за драмски уметности

На 5.12. ученици од нашето училиште, членови на драмската секција, беа во посета на Факултетот за драмски уметности, на испитот на студенти по глума. Чувството беше преубаво бидејќи во живо го почувствуваа мирисот на сцената, живите трансформации на актерските лица и театарот што живот значи.



## Клуб за говорење (Speaking club)

На 5.12.2022 г. се одржа првата средба на далечина на учениците од 4 училишта - ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“, Средното медицинско училиште од Заечар, Србија, и две училишта од Турција. На средбата учествуваа 30 ученици кои се претставија себеси на англиски јазик и ги споделија своите хобија, интереси, сличности и разлики. Целта на оваа воннаставна активност е подобрување на изговорот и унапредување на комуникациските вештини на англиски јазик.




Од нашето училиште учествуваа седум ученици од 9 одделение.

## Посета на Театарот за деца и младинци



На 13.12. учениците од седмите одделенија уживаа во театарската сала на Театарот за деца и младинци, следејќи ја претставата „Том Соер“. Целта на оваа воннаставна активност беше да ја поврзат наставната единица Обработка на лектирата „Авантурите на Том Соер“ од писателот Марк Твен со истоимената претстава.

Впечатоците и на учениците и на наставниците се дека детството навистина е најубавиот период од животот, а многубројните авантури на Том и Хак ни покажуваат како треба да се однесуваме во различни ситуации и секогаш да постапуваме чесно и со љубов во срцето.

# Во светот на книгите

Училишната библиотека со ново руво! Пошарена, побогата, полека станува омилено катче во нашето училиште.

Кон крајот на минатата учебна година објавивме покана за учество во донаторска акција на книги. Мотото „Секоја книга подарена со љубов - со љубов ќе се чита и љубов ќе шири" поттикна голем број ученици, родители, приватни претпријатија да земат учество во акцијата и благодарејќи на нив, книжниот фонд значително се зголеми.

Во меѓувреме ентериерот на библиотеката беше реновиран, мебелот обновен, а просторот доби дополнителна топлина и привлечност со новите декорации и изработки на учениците.

**ОКТОМВРИ**

Наградените ученици на литературниот и на ликовниот конкурс по повод 5 Октомври, Меѓународниот ден на учителот, добија награда книга, диплома и обележувач на страници.

**НОЕМВРИ**

Во ноември е забележан рекорден број на позајмени книги од училишната библиотека – 250.



Во тек е интересен натпревар во дизајнирање корица на книга. Досега се натпреваруваа учениците од III, V, VII и IX одделение.

**Наградени се творбите на:**

Ноа Младеновиќ III-2, прва награда
Софија Младеновска V-1, прва награда
Матеа Ѓорѓеска V-1, втора награда
Дариа Ѓорѓеска V-1, втора награда
Матеа Лакс V-2, трета награда
Филип Јанкулоски V-4, трета награда

Нана Таневска VII-1 – прва награда
Ена Ковачевска VII-1 – прва награда
Дамиан Сергиевски VII-1 – втора награда
Луна Липша Тутновска VII-1 – втора награда
Јана Андреевска VII-1 – втора награда

Сите останати ученици што изработиле дизајн на корицата од својата омилена книга добија пофалници, што ќе им бидат спомен, а се надеваме, и поттик за понатамошно креативно изразување.

**ДЕКЕМВРИ**
Добивме нови гости - ни дојдоа четири прекрасни рачно изработени фигури на популарниот лик Пипи Долгиот Чорап и, очигледно, добро се сместија во нашата библиотека. Ни ги донесоа Матеа, Јелена Мила, Дамјан и Максим од V-1 одд.



Со големо задоволство ја споделуваме со вас новата веб-страница на училишната библиотека. Организирана во повеќе рубрики, таа ќе ве информира за сите новости; на неа ќе може да ги побарате книгите што сакате да ги прочитате, да дознаете за активностите што следуваат, да прочитате кратки рецензии на книги. Повелете, посетете ја и уживајте во виртуелната прошетка низ нашето мало книжевно царство.




Joe Hill
ЦРНИОТ
WRITTEN BY
DONT SCREAM


SHAKE
SO WHAT IF WE ARE?!
YOU ARE BROTHER AND SISTER


ПИНОКИО




Кити
и спасувањето на
Месечевата
светлина




Мери Попинс


Дневникот на едно шмокле


МОТОРНА ПИЛА
ЧОВЕК
TATSUKI FUJIMOTO


НИКА И ТАЈНАТА НА ОСМАТА НОТА

Репортажа

# Од нашата екскурзија

Тридневна екскурзија во деветто одделение. Интересно, зар не? Интересно, но кратко. Сите ученици со нетрпение го чекаа денот на поаѓањето. Нè чекаше ден исполнет со нови искуства и сеќавања. Се поздравивме со родителите, ги натоваривме куферите и тргнавме кон Охрид.

Првата дестинација беше Тетово, поточно Шарената џамија. Шаренилото преовладуваше однадвор и бевме нестрпливи да ја видиме внатрешноста. Ги собувме патиките и влеговме. Живописните фрески, религиозните натписи и раскошните лустери нè оставија без зборови.

Шарената џамија во центарот на Тетово, позната и како Пашина џамија или Алача џамија, се верува дека е изградена кон крајот на XV, а според некои автори, во XVII век. Сите нејзини надворешни и внатрешни ѕидови се покриени со фрески чиј стил е инспириран од доцниот италијански барок. Таа е еден од најрепрезентативните споменици на доцната османлиска култура и уметност во Македонија.







Патот продолжи кон Бигорскиот манастир. Таму бевме љубезно пречекани од монасите, а добредојде ни посака и папагалот ара. Внатрешноста на манастирот е украсена со стари дрворези, позлатени и сребрени икони, а сочувани се и остатоци од старата византиска црква, кои го прават уникатен овој манастир.



Бигорскиот манастир „Свети Јован Крстител“ се наоѓа на патот помеѓу Гостивар и Дебар, во непосредна близина на селата Ростуше, Битуше, Велебрдо и Требиште, по течението на реката Радика. Основан е од страна на монахот Јован во 1020 година, а во XVI век бил разрушен од страна на отоманската власт и од целиот комплекс останала само малата црква. Повторно бил обновен во 1743 година. Името го добил поради фактот што објектот бил изграден од бигор. Надалеку е познат манастирскиот иконостас изработен од Петре Филипов-Гарката од селото Гари и уште неколкумина мајстори од Галичник и Осој.

Продолживме со патувањето и поминавме покрај прекрасното синило на Дебарското Езеро и шумите на дебарскиот крај сè додека не стигнавме до жуборливите води на Вевчанските извори. Шетајќи се, уживавме во звуците на околната природа и раскошната глетка на бунтовните води.

Освен по изворите, Вевчани е познато и по тоа што има свој пасош, како и знаме и грб, а има и своја валута – личник. Светски познат е Вевчанскиот карневал, кој се одржува секоја година на празникот Василица.







На само 14 km од Вевчани е распослан градот на поезијата - Струга. Најпрвин го посетивме Природнонаучниот музеј за Струшко-охридскиот регион, а потоа влеговме во куќата на браќата Миладиновци. Инспирирани од изложените документи и артефакти кои сведочат за нивната дејност, ја рецитиравме „Т'га за југ“, најпознатата песна на Константин Миладинов.

Тесните сокачиња нè однесоа од куќата на Миладиновци до Струшката чаршија во чијашто близина нè чекаше автобусот за Охрид. За кусо време стигнавме до хотелот, кој е сместен во непосредна близина на Охридското Езеро. Уморни и задоволни од исполнетиот ден, легнавме да се одмориме за она што нè чекаше утредента.

## Репортажа

Вториот ден го започнавме со појадок и се упативме кон Заливот на коските. Тој е сместен до полуостровот и автокампот Градиште, меѓу селата Пештани и Трпејца, и претставува реконструкција на наколните живеалишта од праисторијата што биле пронајдени на таа локација.



„Свети Наум“ ни беше следната дестинација. Манастирот е изграден на висока карпа над самото езеро. Во неговиот прекрасно уреден двор се шетаат пауни и фазани. Малата црква ја подигнал Свети Наум во 900 година и подоцна бил погребан во неа. Легендата вели дека доколку го ставите увото на неговиот гроб, ќе можете да ги слушнете отчукувањата на неговото срце.







Се вративме во хотелот за ручек и по кратка пауза се упативме кон Охрид да го посетиме Плаошник. Предизвик ни беа стрмните патчиња, кои ги совладавме со мали тешкотии. Погледот од горе беше незаменлив.

Плаошник е археолошки комплекс со културни слоеви од праисторијата, антиката и средниот век. Таму се откриени остатоци од старата Светиклиментова црква „Св. Пантелејмон“, која сега е возобновена, и од гробот на Св. Климент Охридски.

Убавите впечатоци од целиот ден ги заокруживме со вечерното диско.

Третиот и последен ден ни помина брзо. Го спакувавме багажот и тргнавме кон Битола, во посета на античкиот локалитет Хераклеја. Седнавме во амфитеатарот каде што се сликавме и шегувавме.

**Хераклеја**

Хераклеја Линкестис е еден од позначајните антички градови во Македонија. Градот егзистирал повеќе од еден милениум. Формиран е во средината на IV век п.н.е. од страна на Филип II Македонски како важен стратешки пункт. Значајни наоѓалишта се античкиот театар и раната базилика со камен мозаик.

Доцна вечерта ги здогледавме светлата на нашиот роден град, а во него донесовме многу спомени и впечатоци. Среќни сме што можевме да ги споделиме и со читателите на нашето списание.



**Автори:**
*Марко Балоски IX-2*
*Лина Јанеку IX-2*
*Виктор Јакимов IX-2*
*Војдан Дамовски IX-2*





# Сензорна соба
## затоа што сите сме еднакви

*Патот кон иднината треба да биде подеднакво прооден за сите. Секое дете, секој човек треба да добие еднакви можности максимално да ги искористи своите способности и потенцијали.*

За таа цел на 3 јуни 2022 г., денот кога го прославивме патрониот празник, во нашето училиште беше отворена сензорна соба благодарејќи на Сава пензиско друштво. Сè започна од нивната иницијатива дел од средствата предвидени за прослава на нивниот 17. роденден да ги инвестираат во спроведување низа општествено одговорни активности. Како дел од оваа иницијатива беше донацијата на средства за опремување на сензорната соба во нашето училиште.





На 1 декември, во пресрет на Меѓународниот ден на лицата со попреченост (3 декември) таа беше доопремена во рамки на проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ што го спроведува Фондацијата „Чекор по чекор“. Учениците со образовни потешкотии од нашето училиште сега имаат на располагање дидактички материјали, сензорни елементи и рехабилитациско-рекреациска опрема кои ќе им бидат од помош при совладувањето на наставните содржини.



Им изразуваме благодарност на нашите пријатели без чија помош ќе беа многу потешки чекорите кон постигнувањето на целите за инклузивноста во образовниот процес.







# Секој може да биде уметник
## (со помош на вештачката интелигенција)

Сите луѓе се креативни суштества. Ние цело време создаваме нови, оригинални дела. Иако сите сме исти во тоа што можеме да мислиме и измислуваме работи, разликата е во тоа што некои луѓе можат да ја искажат својата креативност и да ја однесат од умот до физичкиот свет. Меѓу нив се истакнуваат личности кои можат многу детално и реалистично да создаваат оригинални дела. Овие луѓе се нарекуваат „уметници“.

Просечниот човек ги гледа вештините на цртањето, сликањето и дизајнирањето како некој вид „супермоќи“. Најдобрите уметници можат точно, до наситниот детаљ да ни ги споделат своите емоции, идеи и визии. За разлика од овие талентирани, генијални и надарени поединци, останатите имаат идеи и чувства, но немаат вештина да ја насликаат и ослободат таа слика што е заробена во нивниот ум.

Но, што би било ако секој човек може да го претвори во слика сето она што ќе го замисли? Благодарејќи на вештачката интелигенција, сега секој човек може да биде уметник. Вашето прво прашање сигурно е - како точно функционира ова? Во последните 20-30 години научници тренирале компјутерски програми да препознаваат предмети во слики и потоа да напишат кои предмети ги гледаат во сликата. Откако овој процес се повторил неколку милијарди пати користејќи неколку милијарди слики, сега програмата не само што може да кажува што има во фотографијата, туку сега НИЕ можеме да кажуваме што програмата да додаде во сликата.

Има повеќе програми во коишто можете да напишете што сакате, а тоа може да биде колку што сакате апсурдно, нереалистично или чудно. Сепак, програмата прецизно ќе ги следи вашите инструкции и ќе ви даде соодветен производ. Јас напишав: „мачки кои летаат на небото со виножито, над море“ и во рок од околу 30 секунди ги добив овие резултати:



Во иднината се надеваме дека ќе има бесплатни програми што произведуваат слики со уште повисок квалитет. Сега сите програми од овој вид се користат со плаќање или имаат некој вид бесплатна проба (free trial). Во иднината вештачката интелигенција ќе може да произведува цели долгометражни филмови во кои интелигенцијата сама ќе го прави сценариото, кинематографијата и актерите и нивните гласови. Актерите можат да се прават со „deepfakes" (слика или снимка што е убедливо изменета и манипулирана за погрешно да се претстави дека некој прави или кажува нешто што, всушност, не е направено или кажано), а гласовите ќе можат да се прават во „text to speech" програми (текст до говор) што користат лажни гласови за да кажат што вие имате напишано, како на пример https://www.naturalreaders.com/online/.

Иднината на вештачката интелигенција е возбудлива. Се надевам дека и вие, како мене, се интересирате за тоа што ќе ни донесе оваа нова технологија и какви иновации ќе видиме во текот на нашите животи.

**Автор:** *Дамјан Стојановски IX-2 одделение*



# Како полесно да научам?
## Совети за поефикасно учење

Секој ученик би сакал со едно читање на лекцијата да биде подготвен за одговарање или за претстојниот тест. Секако, тоа е невозможно, бидејќи учењето бара многу време, енергија и концентрација. Електронските уреди и телефоните дополнително го одземаат вниманието и го отежнуваат процесот на учење. Седнуваме да учиме, а потоа во текот на читањето сфаќаме дека воопшто не знаеме што сме прочитале, бидејќи сме мислеле на разни нешта (некоја компјутерска игра, на тоа кој ја лајкнал сликата што сме ја објавиле, што прават другарите во моментот). Затоа, мора да воведеме некои правила и техники што ќе ни помогнат да имаме ефективно учење.

**Исклучете ги електронските уреди**

Кога сте седнале да учите, мора да ги исклучите телевизорот и компјутерот, односно мора да го тргнете телефонот настрана. Час или два во денот без телефон нема да направат да пропуштите ништо значајно од животот.



**Активно следете ја наставата во училиште**

Со активно и сконцентрирано следење на наставата, вие го слушате наставникот и во истиот момент создавате слика, ги регистрирате неговите зборови и ги меморирате. Со тоа сте завршиле половина од процесот на учење.

**Фаќајте забелешки**

Добра практика е да ги бележите најбитните информации додека зборува наставникот. Со оваа активност нема да дозволите да ви се намали концентрацијата, а ќе ја имате суштината на лекцијата на хартија.

**Учете секој ден во исто време**

Учење секој ден во истото, определено време е најдобрата рутина што можете да ја направите. Се обврзувате да учите секој ден од 17 до 19 часот и не се откажувате од таа практика.

**Правете кратки паузи**

Правењето кратки паузи за време на учењето и тоа како е корисно за помнењето. Но, во тие паузи не треба да се посега по телефонот.

**Прочитајте ја целата лекција, потоа повторувајте**

Кога учите, најпрво треба да ја прочитате целата лекција за да знаете за што се работи во неа, кои се клучните нешта што ќе ги учите и на кои сегменти треба да се фокусирате. Кога ќе прочитате сѐ, подвлечете ги најбитните факти и почнете со читање и повторување.

**Распоредете го материјалот за учење**

Направете распоред на учење на материјалот. Кога распоредувате лекција или предмет, испланирајте да учите од најтешкото кон полесното или распоредувајте слични предмети и содржини. Утврдете го потребното време за секој од нив и придржувајте се до него.

**Подвлечете ги клучните зборови и настани**

Со подвлекување на клучните делови, односно зборови, со различни бои, вие ја вклучувате визуелната меморија. Ова е корисно и за брзо пронаоѓање на некоја важна содржина.



**Користете техники за помнење**

Користете техники за групирање на материјалот по блокови, изнаоѓање лични асоцијации за подобро помнење факти и податоци, користете аудитивни и визуелни слики или претстави поврзани со материјалот.

**Преслушувајте се повторувајќи ја суштината на лекцијата**

Многумина се преслушуваат од збор до збор од книгата, но тоа не е решение за ефективно учење. Значајно е да ја повторувате суштината на лекциите.

**Користете други занимливи извори**

Обидете се да го пронајдете материјалот по пат на други извори, како што се стари учебници од вашите родители, енциклопедии, на интернет. Секогаш е поинтересно да се пронајде занимливост која не е напишана во книгата.



# Спортски занимливости

Најдолгиот тениски натпревар во историјата траел 11 часа и 5 минути и се играл во текот на 3 дена во 2010 година. Џон Иснер го победил Николас Махут во првото коло на Вимблдон.



Норвежанката Ада Хегерберг е првата жена освојувачка на фудбалската Златна топка. Игра за францускиот клуб Лион и шест пати ја има освоено Лигата на шампионите.

Мајкл Џордан плаќал казна за секој натпревар на којшто ги носел своите легендарни „џорданки" бидејќи го прекршувале кодексот на облекување на НБА-лигата.

Кошаркарот Шекил О'Нил шутнал од линијата за 3 поени само 22 пати во својата кариера, поентирајќи еднаш. И покрај тоа, тој е еден од најдобрите играчи на сите времиња.



Олимписките златни медали се изработени од 92,5 % сребро. Употребата на злато нагло опаднала како последица на Првата светска војна и последните медали од чисто злато биле доделени на Летните олимписки игри во Стокхолм, Шведска, во 1912 година.

Најтрофејните возачи во Формула 1 се Луис Хамилтон и Мајкл Шумахер, кои го делат првото место со по седум светски шампионски титули. Легендарниот Германец освоил пет последователни титули со „Ферари" од 2000 до 2004 година.

Фудбалската репрезентација на Норвешка е единствената екипа што е непоразена од Бразилците. Досега се сретнале четири пати - Норвежаните победиле двапати и исто толку пати одиграле нерешено.

# Дали сте знаеле дека... 

·Највисокиот снешко во светот е изграден во Бетел, Мејн (САД) во 2008 година и бил висок 37 метри.



·Македонија има 34 планини и дури 156 природни и вештачки езера. Најстарото во Европа, Охридското, е и најдлабоко на Балканот. Старо е 4 милиони години и во него има 200 ендемски видови кои се со светска важност.



·Повеќе од 80 % од слатките светски води се заробени во снег или мраз.



·Летото на Нептун е долго 40 години, но температурата таму изнесува -210 Целзиусови степени.





·Не е возможно да се кивне со отворени очи.



Помфритот или француски компирчиња, настанале во Белгија.

Чионофобија е страв од снег.



Во македонската азбука се кријат две зборчиња: ЕЖ и ПРСТ.



Мечката има 42 заба.



# До мојата посебна другарка...

Надвор врне, а јас сум засолнета дома и седам слушајќи ја внимателно секоја капка како паѓа на површината.

Капките на дождот ги претставуваат твоите кристално сини очи кои гледаат во мене со пријателска љубов и грижа. Грижата што ја барав со години во луѓето, во децата... Таа беше една долга криенка сè додека не се споивме јас и ти повторно. Ти ми ја даваш онаа грижа и поддршка што мајката гулабица им ја дава на нејзините гулапчиња во гнездото под она дрво каде што седевме јас и ти кога првпат излеговме во ноември 2020 година.

Кога лежам на меката трева како твојата мека, кафена коса, гледам во ѕвездите. Секоја ѕвезда има своја големина. Мојата љубов кон тебе е колку вкупната големина на ѕвездите од секој можен универзум. Блескањето на ѕвездите го означува блесокот на твоите бели заби кога се смееш. Твојата кожа ги претставува младите бели маргаритки. Како што растат, така прекрасно и нежно ја украсуваат пролетта како светките од шминката на твоите очи. Нежноста што ја користиш кон мене кога сум во твојата прегратка е истата која ја чувствувам од оние малечки маргаритки. Кога сум во твојата прегратка ги затворам очите силно. Тие ми ја оживуваат сликата на жолтата ливада од Швајцарските Алпи во нашето лето. Воздухот е чист и мирисот е неверојатен. Температурата е идеална, топло, но не жешко. Сеното, стеблата на сеното го играат нивниот валцер по ритамот на развигорот. Пчелите зујат и одат од цвет на цвет. Ние сме пчелите, како одиме од тема на тема со нашите разговори. Се враќаме во нашите куќички каде што го градиме царството од медот. Каде што го градиме нашето другарство, нашата пријателска љубов, почитта, нашата поврзаност. Твоите зборови, насмевка, кожа ја означуваат сладоста на медот. Твојата душа, твојот дух, ти! Ме потсетуваш на божица на пролетта. Секој твој чекор зад тебе остава живот. Секоја твоја појава прави да расте нешто ново, растение ли, дрвце ли, булка ли, плод ли, суштество ли. Насекаде, каде и да одиш, носиш добрина со себе. Самите зборови што излегуваат од твојата уста, начинот на кој пееш наликува на славејот што се враќа во својот роден крај од југот по студената зима. Зима, депресивна и тешка. Зима е кога гледам како плачеш. Кога тие бистри солзи ги гледам како се тркалаат по твоето нежно лице. Некогаш не знам како да постапам освен да те гушнам и да ти кажам дека сè ќе биде во ред и дека времето лечи сè. Само кога би можела, би ти го дала целиот свет, секоја ѕвезда, секој можен цвет, и би направила да се чувствуваш како Амелија која имала четири-пет години. Амелија која била безгрижно дете.

Кога не се гледаме, се чувствувам како нешто да ми недостасува. Ми недостасува твојата насмевка, ми недостасува начинот на кој јас и ти зборуваме и ми недостасува начинот на кој ме сослушуваш како се искажувам. Ми недостасуваат оние есенски денови каде што двете трчаме низ паркот и си играме со жолто-златните лисја. Ми недостасуваат зимските денови каде што двете стоиме замрзнати, чекајќи ги снегулките како самовили да слетаат на нашите исплазени јазици.

Деновите кога двете ги правиме највкусните колачи и, откако се готови, ги јадеме одеднаш како да не сме виделе храна. Ми недостасува кога двете одиме по книжарници и библиотеки со цел да ја најдеме книгата што се совпаѓа со нас како јас и ти што се совпаѓаме една со друга. Ми фалат оние летни топли денови кога јас и ти сме на камп со стотици деца и навечер се прикрадуваме со цел да одиме на плажата за да ги гледаме ѕвездите и да разговараме за нашите проблеми. А најмногу ми недостасува оној петок кога двете излеговме надвор и купивме локум. Со сласт го изедовме и продолживме да се сликаме со фотоапаратот. Ги извадивме најубавите слики. Слики што ќе живеат засекогаш со нас, засекогаш заковани во нашите срца. Со никого не би можела да ги доживеам овие слики. Зошто? Затоа што ги гледам овие луѓе со тажни искомплексирани лица, овенати. Како да немаат видено вистинско другарство, живот. Како да сум во некоја темна градина. Што понапред одам, сè повеќе се движам кон светлината. Светлината што ја носиш ти. Иако со тебе се чувствувам исполнета, сигурна и среќна, кога не се гледаме или не се слушаме толку често, чувствувам товар, вина. Се чувствувам виновно затоа што не секогаш можам да се гледам со тебе, да ти обрнам внимание. Затоа, секогаш кога се чувствуваш осамено гледај го мојот графит на ѕидот.

Сепак, сакам да знаеш дека сум повеќе од благодарна што имам вакво прекрасно другарство со тебе бидејќи ме прави горда на себе исто толку колку што сум годра на тебе. Горда сум затоа што знам дека и во најтешките моменти ќе имам на кого да се потпрам и да ги разменам моите чувства и мислења. И да ме нема, знај дека како што е поврзана месечината со планетите, така и јас сум поврзана со тебе и секогаш ќе бидам тука за тебе.
Твоја, Јана Андреевска.

***Јана Андреевска IX-1 одд.***

# Јас и книгата

Букви, зборови, редови,
со книга ми поминуваат денови.
Авантури, раскази и драми,
со книгата никогаш не сме сами.

Во зима, кога снегот вее
книгата со бајки ме грее,
во есен, кога дождец паѓа,
книгата љубов раѓа.

Се чита и во пролет и во лето,
книгата е нешто свето.
Секогаш ум ни дава,
книгата е другарка права.

***Марко Стојкоски VII-4 одд.***





# Немиот дневник

Кога листот хартија би имал глас,
кога би можел врисок да пушти за спас.
Да вивне ко сирена, да трешти,
да разбуди копнежи жешки.

Да разниша тишина и штама,
за лошото да изгради брана.
Детството да не го валка,
мајката по детето да не талка.

За детските родендени непрославени,
за безброј желби неостварени,
за соништа со очи ширум отворени,
за детските игралишта затворени.

И да не протече ништо труло,
волкот да не залута од своето дувло,
зашто секој е некој и секој е душа,
разумот срцето да го слуша.

Но, има ли секој човек срце што бие,
или парализирано од злото цврсто некаде спие,
па посегнува по туѓата среќа,
рацете врзани, на главата вреќа.

Во стомакот дупка, гладта се скрила,
полеташ ли, ќе ти пресечат крила.
И сонцето е виновно што сјае,
за тие во мракот дали знае?!

Горчливата вистина е во дневникот нем,
кој тивко липа за неродениот ден.
За никогаш, никогаш да не се повтори
сплотеноста различностите да ги победи!

**Максим Костадинов IX-3 одд.**

# Песна за природата

Природо, толку променлива и дива,
твојата убавина е бесценета и мила.
Ти си толку прекрасна и чудесна,
без тебе Земјата би била жална и ужасна.

Ти во пролет цутиш,
во есен се сушиш.
Во лето топло се печеш,
во зима снегот го вееш.

Природо моја мила,
ти си толку волшебна и жива,
зарем е можно некој да не те впива?
Природо моја скапоцена,
ти си нежна како свила,
во срцето мое секогаш ќе бидеш најмила!

**Дамјан Димовски IX-3 одд.**



# Неправда

Жената отсекогаш била потценувана, искористувана, замолчувана, занемарена, запоставена, дискриминирана и отфрлувана... Некои феминистки го кренале својот глас, но, останатите со вистината болна се соочуваат и в овој час.

Велат дека рамноправно на овој свет живееме, дека правда и еднаквост Земјата ја красат. Но, зарем праведно е родовото насилство? А пак, половото потценување, оправдано ли е тоа?

Заробена во овој свет полн лаги, без соодветно образование, достојна плата, социјална заштита и основни права, некоја жена сѐ уште се бори да остане здрава.

Луѓето ја обожаваат таа бедна контрола врз сѐ што постои, дише и мисли. Но, телото на една жена не е привилегија на општеството, ниту некаква реклама создадена по негов вкус.

Време е да се стави крај на оваа неправда, време е да се чуе и женскиот глас. Бидејќи честа на една жена не е камен да се згази, бидејќи достоинството нејзино е дар што го пази!

***Марта Неделковска VIII-2 одд.***



# Дождец роси, сонце грее

Дождец роси, сонце грее,
меца срeќна си се смее.
В шума реши таа да се мажи,
за убава мома таа важи.

Поканила шума цела,
облекла и руба бела.
Свадба шумска ќе се прави,
цела шума весело ќе слави.

Зетот Мечок спремен чека
Меца да му даде рака мека.
Стокмена Лиса пак е кума тука,
порачала силно тапанот да чука.

Славејчиња нека пеат,
нотите да се слеат.
Музиканти: буф и сојка,
музичка се права двојка.

На оро се фаќа Зајко,
мустак сучи, леле мајко.
Волчко на оро си вие.
Зајко вџашен, бега па се крие.

Подароци, мед и круши,
ќе се сладат двете души.
Сончко грее и се смее.
Дождец роси, среќа носи.

Мечок се жени, Меца се мажи,
така треба да е, нели, кажи?

**Максим Таневски VII-1**

# Песна за учителот

Да чекориме храбро нѐ учите вие,
со благодарност ќе ви вратиме ние.
Со знаење нѐ учите да се бориме,
живот подобар за себе да створиме.

За корените наши родни,
за борците и полињата плодни,
за народот измачен, силен наш,
се учиме од зборот силен ваш.

И во наука и уметност нѐ упатувате
како во магични, чудесни сказни.
Простете ни, учителу, ако понекогаш
тетратките за домашни работи ни
остануваат празни.

Без вас во незнаење ќе сме
заглавени и како во темнина да сме
ставени. Не ќе ја знаевме нашата
историја, ниту пак ќе се снајдевме в
лабораторија.

Генерации вие воспитувате,
иднината ја обликувате. Сакаме да
можеме со наука да ви вратиме, во
светот успех како порака да
пратиме

Велите, различен од нас е секој
и секој може да стане некој.
Разбирање и љубов да имаме само,
тие се топло другарско рамо.

И вашата строгост за нас е ука
и секој со радост доаѓа тука.
Вашиот збор, патоказ е јасен,
па иако тивок, за нас тој е гласен.

Во некој таен агол од срцето
клучот магичен за секое дете го
чувате, а кога му покажувате,
топло, родителски, вие го милувате.

Светлина ни дарувате вие,
со радост ќе ја шириме и ние.
Честит нека е денот светол ваш,
Најдраг учителу, почитуван наш!

***Ана Манчева VIII-2 одд.***



Забава

## Осумнасочник

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| с | Ж | Л | ѕ | у | р | ш | Д | а | Л |
| О | у | Б | р | о | е | в | и | к | В |
| и | н | С | Е | о | О | к | Е | и | џ |
| ц | с | е | Б | х | т | д | Ж | т | Р |
| и | а | л | р | е | н | ѕ | р | а | Ц |
| н | Њ | и | с | а | Н | ѓ | А | м | и |
| и | д | е | к | и | п | и | Ј | е | ф |
| д | Д | в | а | а | н | е | з | т | р |
| Е | и | С | и | П | Б | Е | Н | а | и |
| м | е | л | о | г | о | П | у | М | Д |

Единици | Десетки | Низа | Цифри | Броеви | ПиСи | Охрид | Поголем | Непарен | Еднакви | Математика

## Судоку

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 8 | 9 | | | 5 | 1 | 4 | |
| 3 | | | 8 | 1 | 7 | | | 6 |
| 7 | 1 | | 6 | | 4 | 3 | 8 | |
| | 4 | 3 | 9 | | | | | |
| 9 | 7 | | | | | | 1 | 4 |
| | | | | | 8 | 7 | 3 | |
| | 9 | 6 | 4 | | 2 | | 7 | 1 |
| 4 | | | 1 | 5 | 9 | | | 2 |
| | 2 | 1 | 7 | | | 4 | 9 | |

## Ребус






+Н

100+Л




***Решенија:***

*1. Ракета 2. Таван 3. Стол 4. Брокула*